РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 3/2025 за унапредување на административни службеници, Градоначалникот на општина Гази Баба ја донесе следната:

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-10040/13
26.12.2025 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работното место Раководител на Сектор за финансиски прашања, Сектор за финансиски прашања

1. За извршител на работното место Раководител на Сектор за финансиски прашања, Сектор за финансиски прашања се избира кандидатот

   - Мариела Христова -

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба со Решение бр. 04-10040/10 од 24.12.2025 година спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас бр.3/2025 на веб страната на Општина Гази Баба и веб страната на Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18).

ул. Архимедова бр 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на изготвениот Записник за административна селекција за интерен оглас со број 04-10400/11 од 25.12.2025 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради споведување на интервју со број 04-10400/12 од 25.12.2025 година со Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прво рангираниот кандидат Градоначалникот на Општина Гази Баба изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник

Бобан Стефковски

Изработил
Сања Димовска
Согласен
Раководител на сектор,
Невенка Стаменковска Стојковски